AST КРОЕЊЕ LITE — УПАТСТВО

Верзија 1.1.0 — 17.10.2026

ИНСТАЛИРАЊЕ И РЕГИСТРАЦИЈА

Стартувајте го Setup фајлот. Потребни се Windows 10/11, .NET Framework 4.8 и Windows PowerShell 5.1. Инсталацијата е за тековниот Windows корисник и создава кратенки на Desktop и во Start Menu. Демо-периодот е 60 дена од првата инсталација. Ако преносната програма се стартува пред инсталирањето, периодот започнува тогаш. Повторна инсталација за истиот Windows корисник не го обновува периодот.
ДЕМО / РЕГИСТРАЦИЈА ја покажува шифрата ASTL-XXXX-XXXX-XXXX-XXXX. Испратете ја до издавачот и внесете го добиениот клуч или .astlic фајл. Клучот е врзан за компјутерот; може да биде со рок или без рок. И по истек на демото може да се внесе регистрациски клуч.
Ако демото истече во текот на работата, обработката се блокира, но Сними и Регистрација остануваат достапни.

НОВА СПЕЦИФИКАЦИЈА

Внесете ширина и висина на плочата, ширина на рез и окрајчување по секој раб. Плоча 2070 x 2800 mm со 10 mm по раб остава 2050 x 2780 mm употреблива површина. Резот се пресметува одделно.
Додајте парчиња со име, ширина, висина и количина. Дозволата за ротација е по ред, со дополнителна глобална дозвола и насока на дезен. За различни дозволи на копии, внесете одделни редови.

КАНТИРАЊЕ

Означете горе, десно, долу или лево, материјал PVC/ABS и дебелина. При дебелина 2 mm почетно се избира ABS; материјалот може да се промени. Шифрата е каталошката ознака на кантот кај примачот. Празна шифра создава опис како PVC 0.4 mm.
За веќе внесено парче изберете го редот и Кант... Секој раб има свој материјал, дебелина и шифра. Поддржан е мешан PVC/ABS кант. За XML извоз се дозволува една шифра по PVC група и една по ABS група на истото парче. Неподдржана комбинација не се извезува тивко.
Страните се врз оригиналното, неротирано парче: ширина хоризонтално, висина вертикално. XML нумерирањето е 1 лево, 2 горе, 3 десно, 4 долу. При ротација во шемата означениот физички раб се врти со парчето. Сино = PVC, црвено = ABS.
Димензиите се мерки за кроење. Програмата не одзема автоматски дебелина на кант од ширината/висината. Кант-листата покажува нето метри и метри со 30 mm додаток по поединечен раб. Кај увезена спецификација без дебелина, таа останува непозната, без претпоставка.

РАСПОРЕД И ПРАВИ РЕЗОВИ

НОВ AST РАСПОРЕД ги споредува почетните варијанти. Сите нови распореди имаат план со до три фази: ленти, колони и попречни резови. Планот се проверува од употребливата плоча до сите парчиња, со точни мерки, рез и окрајчување.
НОВ ОБИД бара нови комбинации без вкупен лимит. Распоредите што веќе постојат во историјата се прескокнуваат. Не се гарантира нов или подобар резултат при секој клик, ниту апсолутен математички оптимум.
ПРЕПОРАЧАН е најдобриот пронајден според број табли, најголем употреблив остаток и број резови. Ако

пробата бара повеќе табли од препораката, се покажува предупредување со краток системски звук.
Распореди: стрелките лево/десно ги прегледуваат пронајдените распореди без нова пресметка.
Стрелките горе десно ги менуваат таблите во тековниот распоред.
КОРИСТИ ГО ОВОЈ го задржува прикажаниот распоред како МОЈ ИЗБОР. Новите обиди не го заменуваат изборот. Препораката продолжува да се подобрува независно. МОЈ ИЗБОР ве враќа на избраниот распоред.
Снимањето, XML извозот, пакетот и печатењето го користат МОЈ ИЗБОР; ако нема кориснички избор, ја користат препораката. Прегледот на друга проба не го менува налогот.

ПЛАН И ПЕЧАТЕЊЕ

Резови ги прикажува редоследот, областите и позициите на правите резови за прикажаната табла. Прво окрајчете по четирите рабови. X е вертикален рез, Y хоризонтален. Координатите се од левиот горен агол на целата плоча. Секоја област се обработува како посебно парче материјал.
Планот е геометриски, не универзален код за контролер. Кројачот ги проверува стегите, минималните ленти, насоката на внесување и ограничувањата на машината.
Печати користи default printer. Ако тоа е PDF печатач, изберете каде да се зачува документот.

XML УВОЗ И ИЗВОЗ

УВЕЗИ XML го задржува зачуваниот распоред: позиции, димензии, ротации, броеви на табли и несместени парчиња. Не се оптимизира при увоз и не се применува окрајчување повторно.
ИЗВЕЗИ XML го враќа непроменетиот извор бајт по бајт или ги запишува новите AST позиции со кант. Застарена геометрија, преклопувања и нецелосни нови распореди се одбиваат. Мерките мора да се на мрежа 0.1 mm.
Проверен е конкретниот формат на Mawinhal 1.1.937. Не се подразбира компатибилност со сите други програми и контролери. Реалната проба ги задржа кантовите, шифрите, дебелините и ротациите по отворање и зачувување. Примачот треба да го користи својот точен каталог на кантови.

ПАКЕТ ЗА КРОЈАЧ

Внесете нарачател, материјал, декор, дебелина на плоча, ознака на налог и забелешки. СОЗДАЈ ПАКЕТ ЗА КРОЈАЧ создава нова папка со order.kroj, layout.xml кога проверките го дозволуваат, placements.csv, parts-and-edges.csv и детална edges.csv. Новите AST планови додаваат cuts.csv и cut-plan.json. manifest.json содржи контролни суми, а PROCITAJ.txt преглед на налогот.
За увезен распоред без план се проверува разделување со прави резови. Непотврден распоред не добива XML во пакетот. Посебниот XML извоз служи за размена на геометрија. Успешна порака од надворешен извозник не е доказ дека ги извезол сите парчиња: проверете број, мерки, кантови и машински излез.

ПРОЕКТИ, КОПИИ И НАДГРАДБА

Сними го зачувува проектот .kroj со целиот распоред, кантовите, историјата, препораката и вашиот избор. Отвори продолжува од зачуваните податоци. Старите проекти остануваат поддржани; нема да се појават варијанти што стар проект никогаш не ги зачувал.
Програмата е во %LOCALAPPDATA%\ASTKroenjeLite\App. Проектите и PDF се во %LOCALAPPDATA%\ASTKroenjeLite\Data. Правете сопствена резервна копија на Data. Нов Setup ги обновува програмските фајлови и ги чува податоците и регистрацијата. Деинсталацијата ги отстранува програмата и кратенките, а ги чува проектите и евиденцијата за демо/регистрација.

АНТИВИРУСНО ИЗВЕСТУВАЊЕ

Setup-от и програмата немаат Windows дигитален потпис и користат вграден Windows PowerShell. Антивирус или Windows SmartScreen може да прикажат предупредување, вклучително и лажно позитивно. Самото предупредување не докажува дека е лажно: проверете го изворот и конкретната детекција пред да продолжите.